

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

ЗДРУЖЕНИЕТО „БАДНИКОВИ ПОВОРКИ“

ЗА ПЕРИОД: ЈАНУАРИ 2022 година – ЈАНУАРИ 2023 година

1. Основни податоци за Здружението „Бадникови поворки“

Здружението за возобновување на православните традиции „Бадникови поворки“ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради организирање бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место), со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Божик.

Здружението „Бадникови поворки“ е основано во Скопје на седница на Основачкото собрание на Здружението на ден 09.02.2017 година, а истото е регистрирано во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на ден 16.02.2017 година.

Органи на Здружението се:

- Собрание - највисок орган на Здружението, кое го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението;
- Претседател кој се избира со мандатен период од 4 години, со можност за реизбор. Актуелен претседател на Здружението е Милан Копчаревски;
- Извршен одбор кој се избира за мандатен период од 4 години. Актуелниот извршен одбор е составен од претседателот на здружението и основачите на здружението.

Основните цели и задачи на Здружението „Бадникови поворки“ се следните:

- Возобновување на старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се запознаат граѓаните на Република Македонија со старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се обезбедат непречени услови за реализација на Бадниковите поворки како манифестација за Бадник;
- Да се остварат целите и задачите кои ќе бидат дополнително определени со плановите за работа на здружението.

Мисија на Здружението „Бадникови поворки“ е да организира бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место) со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Раѓањето Христово.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец декември 2018-та година беше регистрирано за вршење издавачка дејност во Централниот регистар на РМ.

На 18.10.2020 година, денот кога Бигорскиот манастир Св.Јован Крстител прославуваше 1000 години од своето постоење, на Здружението „Бадникови поворки“ му беше доделен Орден Претеча II Ред. Ова бесценото признание кое ни беше доделено им го посветуваме на околу 15 илјади деца и нивните семејства од над 40 градови и населени места во Македонија, на плејада пејачи и музичари, актери и други уметници, ансамбли, продукциски куќи, медиуми и компании кои во Бадниковите поворки препознаа вистинска вредност и шанса во ова тешко време на технолошка опседнатост кај децата, да разбудиме љубов, радост и живост, да ги возобновиме и да им ги пренесеме вистинските православни традиции поврзани со Христовото Раѓање. Овој Орден исто така го посветуваме и на Бигорскиот Манастир и на нашата Света Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија, без чиј благослов, поддршка и совети не ќе можевме со сигурност да кажеме дека сме на патот на Вистината.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец април 2021-та година беше регистрирано во Регистарот на вистински сопственици при Централниот регистар на РСМ.

2. Начин и период на изработка на Годишните извештаи за работењето на Здружението „Бадникови поворки“.

Со оглед дека мисијата на Здружението „Бадникови поворки“ е организирање и спроведување на Бадникови поворки кои што се одржуваат на ден Бадник, односно во месец јануари, сметаме дека е целисходно годишните извештаи да бидат изработени на начин што ќе го опфатат и месецот јануари од наредната календарска

година. Поради оваа причина, годинешниот извештај дава приказ на сите активности кои што беа преземени во текот на 2022-та година и на почетокот на 2023-та година.

3. Реализирани активности во текот на 2022-та година и во месец јануари 2023 година.

3.1. Со оглед дека мерките за заштита на јавното здравје и ограничувањата за јавни собири воспоставени за времетраење на пандемијата предизвикана од Корона вирусот беа завршени, Здружението „Бадникови поворки“ во текот на втората половина од 2022 година презема низа активности со цел реализација на неговата мисија, односно организирање на Бадникови поворки во 2023-та година.

Во првичниот период членовите на Здружението одржаа неколку состаноци на кои се разгледуваа начините за реализација на Програмата за дејствување на Здружението, се презентираа идеи за начинот на организирање на Бадниковите поворки во 2023-та година и се утврдуваа активностите на членовите на Здружението со насока на успешно организирање на поворките.

Членовите на Здружението се согласија слоганот за овогодинешната манифестација да гласи „Бадник и Божик во полн сјај“. Овој слоган го изразува двегодишниот копнеж за одржување на Бадникови поворки, односно за споделување на колективната радост каква што недостасуваше изминатите две години. Исто така ги опфаќа желбата и стремежот празнувањата за Бадник и Божик да бидат целосно исполнети со еуфорија и радост кај нашиот народ и со сите активности во предпразничкиот период уште повеќе да се разбуди љубовта и радоста кај сите луѓе.



Во таа насока, членовите на Здружението направија план за реализација на дискутираните идеи кои опфаќаа: активности за обновување на аранжманот на песната „Вечниот Бог“, како и снимање на спот за истата, организирање на краток

концерт за деца пред почетокот на Бадниковите поворки во Скопје, како и Божикен концерт во Македонската филхармонија на трет ден Божик, поставување на Божикната пештера во градот Скопје, изработка на Божикни ѕвезди за секое дете учесник на поворките, активности за пакување на Бадникови пакетчиња, потоа продолжување на традицијата за адаптација на Божикни песни на знаковен јазик и одржување на постојана комуникација и координација со претставници од сите градови и населени места во државата каде што се организираат Бадникови поворки.

3.2. Со цел да се обезбеди поголема информираност на граѓаните за преземените активности на Здружението и во текот на оваа година беа активни следните профилите на социјалните мрежи: Fan страна на Бадникови поворки на Facebook, YouTube каналот Badnikovi Povorki, официјалниот профил на Бадникови поворки на Instagram и Facebook група БАДНИКОВИ ПОВОРКИ.

3.3. Поконретно, во текот на втората половина на 2022 година и почетокот на 2023-та година, од страна на Здружението „Бадникови поворки“ беа преземени следните активности:

- На ден 28.11.2022 година, односно на првиот ден од Божикниот пост, во малата сала на Македонската филхармонија беше одржана прес-конференција за запознавање на јавноста за сите планирани, претстојни активности на Здружението „Бадникови поворки“ во пресрет на Бадник и Божик. На прес-конференцијата како претставници на Здружението присуствуваа Ламбе Алабаковски, Елена Ристеска, Антониа Гиговска, Дејан Пројковски и Марија Саздева, кои ги информираа новинарите за сите активности во кои тие ќе земат учество.



- Од 11.12.2022 година на Fan страната на Facebook започнавме со споделување на материјали кои ни пристигнуваа од пробите кои што се одржуваа скоро во сите населени места каде дечињата се подготвуваа за Бадниковите поворки. Беше задоволство да се гледаат голем број на дечиња како ја вежбаат химната на Бадниковите поворки – песната Вечниот Бог, воедно сами правејќи Божикни ѕвезди за нив и нивните другарчиња кои учествуваа на поворките. Големиот број на пристигнати фото и видео материјали од сите градови на државата беа доказ дека кај најмладите се повеќе се зголемува радоста во предпразничниот период, како и интересот за учество во Бадниковите поворки.













➢ Традиционално на 18.12.2022 година, ден пред Св.Никола, во дворот на Соборниот храм ,,Св.Климент Охридски" во Скопје, Здружението ,,Бадникови поворки" ја постави најголемата божикна пештера во Македонија висока 5,8 метри и широка 5,2 метри. Како вистински столб на надежта и светилник на радоста, раскажувајќи го настанот на Христовото Раѓање, улогата на божикната пештера е да нè потсети дека наближува еден од најголемите христијански празници – Божик.



➢ На ден 25.12.2022 година во студиото „Алшар“ е снимена третата верзија на „Вечниот Бог“ со Антонија Гиговска, Ламбе Алабаковски и Златко Славејче.

Имено, во 2022-ра година се навршуваат 11 години од возобновувањето на првата божикна песна „Вечниот Бог“ и првиот снимен спот, како и 5 години од вториот снимен спот каде што беа вклучени сите најпопуларни пеачи. Во изминатиот период достигнавме значајна бројка од преку 2.500.000 прегледи на социјалните мрежи за овие два спотови, поради што сметавме дека е време за трето освежување на песната, со цел да им ја приближиме истата на новите генерации деца, како и да ги вклучиме и новите ѕвезди кои што сакаат да го слават и да пеат за Бога.

Во овој дел изразуваме огромна благодарност до сите учесници кои беа вклучени во снимањето на третата верзија на песната „Вечниот Бог“ и го дадоа својот несебичен придонес во реализирањето на оваа значајна активност, а особено на: Ламбе Алабаковски, Антониа Гиговска, Хор - Златно славејче, Владимир Димовски – аранжман и оркестрација, Владимир Цветковски – виолина, Владимир Димовски – виола, Кирил Јосифов – виолончело, Митко Иванов – контрабас, Иван Еминовиќ – клавијатури и синтисајзер, Симона Богоевска – харфа, Кристина Љушкоска – флејта, Петар Христов – сопран, саксофон, алт саксофон, Мојца Седеу - тимпани, чинела и на Ивица Јанкуловски - Студио „Алшар“.

- На ден 28.12.2022 година на нашиот YouTube канал беше објавено видео од снимањето на третата верзија на „Вечниот Бог“.

Во продолжение Ви пренесуваме изјави на Антониа Гиговска – вокалист, Бобан Јосифовски – директор на „Златно славејче“ и Кристина Љушкоска – флејтист, кои зборуваат за своите лични доживувања поврзани со учеството во проектот Бадникови поворки:

Антониа Гиговска:*„Особено сум среќна што станав дел од една духовна историја и особено ми е драго што конечно и јас сум вклучена во Бадниковите поворки. Ова е трета верзија на „Вечниот Бог“ и се надевам дека ќе оставам свој белег. Особено ми е драго што ова се' е посветено на Бога и се надевам дека ќе донесе радост и за мене и за моето семејство“.*

Бобан Јосифовски:*„Општо е познато дека Златно славејче учествува во сите значајни културно-уметнички и духовни настани што се од голема важност за нашиот народ и држава. Оттука неминовно произлезе и поддршката на бадниковите поворки и возобновувањето на божикните бадникови песни што се пееле во минатото. Ова иницијатива на Бигорскиот манастир што трае веќе 13 години, со задоволство ние ја прифативме. Наша обврска се божикните детски песни кои што се пееле во минатото и ќе се согласите дека прекрасните гласови на златните славејчиња се вистински симбол на ангелите кои го најавуваат Христовото Раѓање“.*

Кристина Љушкоска:*„Морам да признаам дека учеството во вакви настани и музички проекти, за мене претставува огромна радост и ми носи голем*

благослов. За прв пат сум дел од една ваква приказна и никогаш претходно посилно не сум ја почувствувала божикната радост. Затоа ги поканувам сите дечиња да ја слушнат и да ја научат песната „Вечниот Бог“ и заедно со своите родители да ја пеат низ улиците на нашата земја на 6-ти Јануари.“







- На ден 28.12.2022 година на нашиот YouTube канал беше објавено видео од песната „Божикна серенада“ адаптирана на знаковен јазик. Во соработка со Викторија Волак - сертифициран знаковен толкувач, трета година по ред, Здружението „Бадникови поворки“ им подарува божикна песна и божикна радост на глувите лица. Изминатите две години, адаптирани за глувите лица беа и песните „Небо и земја“ и „Вечниот Бог“.

Изразуваме огромна благодарност до Викторија Волак за нејзината постојана и несебична поддршка во реализација на оваа активност.

- На ден 03.01.2023 година на нашиот YouTube канал беше објавено видео од снимањето на спотот за третата верзија на „Вечниот Бог“. За комплетното осмислување и реализирање на новиот видео запис, беше задолжен режисерот Дејан Пројковски кој заедно со Горан Наумовски и Стојан Стојановски, трета година по ред се дел од Бадниковите поворки. Нивните спотови за возобновените божиќни песни „Христос се раѓат, на светот радост“ и „Божиќна серенада“, од народот и стручната јавност беа оценети како вистински ремек дела, разгледници што нè навраќаат во времето на силни семејни вредности и непоколеблива вера. За нив, предизвикот оваа година беше уште поголем, затоа што работеа да создадат уметничко дело што ќе

разбуди силни емоции кај децата и ќе допре до нивното чувство на припадност кон вистинската семејна традиција.

Главната идеја која што го водеше режисерот и сите учесници при создавањето на спотот беше на новата генерација деца да им ја пренесеме нашата православна традиција на празнување Бадник и Божик, онака како што нашите претци ни ја оставиле нам во предание. Едноставноста на амбиентот и скромната трпеза во спотот, сведочат за вистинските вредности на Христијанинот и за миг ни ги ослободуваат сетилата од пренатрупаноста на секојдневието, за да можеме да го почувствуваме Божик во срцето, да се Роди Христос во јаслите на нашите души. Низ ова визуелно дело, ги поучуваме нашите деца, наместо кон обилна телесна гозба, да стремат кон ангелската храна, кон слатката гозба на верата, на правдата, на христијанската радост. Па така, на Божик, да ги посетиме и прегрнеме ближните, заборавените, немоќните, да споделиме, да си простиме.

Во продолжение Ви пренесуваме изјави на Дејан Пројковски, Горан Наумовски и Стојан Стојановски.

Крсте Јованоски – актер: „*Не така одамна, во една моја колумна во еден момент пишувајќи, напишав еден разговор помеѓу стариот и младиот. Нема да навлегувам во почетокот во таа кратка приказна само ќе кажам како таа завршува. После разговорот кој трае кратко, младиот му вели на стариот: Ќе ми недостасуваат твоите приказни, а стариот му вели на младиот: Пиши си свои. Во тој момент јас тогаш се прашував дали младите се спремни да напишат свои приказни. Снимајќи го овој спот кој го завршивме, јас сум пресреќен, сфатив дека приказните со кои јас сум пораснал лично и приказните кои претходно сум ги слушал сме успеале да ги пренесеме на младите. Оваа наша работа преточена во спот точно тоа го зборува. Заедничкиот содржател на целата оваа приказна е раѓањето на Исус Христос односно претстојниот празник Божик кој е проткаен со многу нешта, каде ќе ги видите сите оние приказни, сите оние вистински работи и цела онаа Божја убавина која ја има нашата тактовина.“*

Горан Наумовски: *„Моментално го гледаме сировиот материјал на новиот Божикен спот. За разлика од изминатите два спота во кој се враќавме назад во времето, овој пат решивме да направиме современа приказна во која*

сепак се содржат оние духовни вредности. Се надевам дека и овој пат ќе направиме едно убаво дело.“

Стојан Стојановски: *„Среќен сум и чест ми е пред се, што сум дел од оваа екипа заедно со Дејан и со Горан, со кои од овие божикни песни полни со радост и со среќа создаваме визуелни дела кои ги отсликуваат вредностите на еден од најголемите Христијански празници Божик и секако ќе останат во трајната меморија на нашиот народ. Оваа година ќе прикажеме едно македонско урбано семејство што ја негува традицијата и вредностите на празникот Божик. Како и претходните години така и оваа, максимално ги користиме природните убавини во зависност од локацијата и регионот кај што ги снимаме. Така, оваа година го одбравме Охрид. Снимавме дел од изворите во Свети Наум, па се до убавите планински предели над Куратица. Важно е да се напомене дека екипата со која работам и за која пред малку зборував во текот на подготовките околу ваквите спотови и кои треба да остават трајна вредност во нашата колективна меморија сведочи за онаа Виша сила која не има споено. Верувам дека само таквите луѓе успеваат, бидејќи сето ова почива на една доверба, на љубов, на вредност, на верност кое пак од другата страна се римува со Божја просветленост и Божји благослов кој не тера се повеќе и повеќе да создаваме. Се надевам дека еден ден кога нас повеќе физички ќе не нема, ова е тоа што ќе зборува за нас.“*







- На ден 03.01.2023 година во Скопје беше спроведена акција за пакување и подготовка на Бадниковите пакетчиња за дечињата учесници на Бадниковите поворки во градот Скопје. Во текот на оваа акција беа подготвени над 2000 пакетчиња. Огромна благодарност до компаниите што ни ги подарија

производите од кои создадовме прекрасни коледарски дарови: Витаминка, Кожувчанка, Kipper Market, Колид.







- На ден 05.01.2023 година на нашиот нашиот YouTube канал беше објавен новиот спот за „Вечниот Бог“ – трета верзија со Антониа, Ламбе и Златно славејче.

Во овој дел изразуваме огромна благодарност до сите учесници кои беа вклучени во снимањето на спотот за третата верзија на песната „Вечниот Бог“ и го дадоа својот несебичен придонес во реализирањето на оваа значајна активност, а особено на: Дејан Пројковски - режисер, Горан Наумовски - директор на фотографија, Стојан Стојановски - камера и монтажа.

Актери: Крсте Јовановски, Петар Мирчевски, Валентина Грамосли, Лука Николоски, Јордан Цветкоски, Теофанија Костоска, Јустина Петреска, Лука Аритоновски, Петар Танески, Јована Блазеска, Теодора Бпреслиева, Марија Филипов Илиева, Ристе Филипов.

Маргарита Миновски – шминка, Викторија Бурсаќ – стилист, Венко Пашовски, Летка Филипова, Ромео Петрески, Аце Ставрески, Горан Ангелоски, Дејан Донески и Здружение за грижи и воспитување на деца на Охрид.

- На ден 05.01.2023 година од страна на наши претставници во градот Скопје беше спроведена акција на милосрдие односно беа поделени пакети со храна на наши ближни, социјално загрозени семејства, со желба сите да имаат доволно храна за радосно и без грижи да ги поминат Бадник и Божик.





➢ 06.01.2023 година – Денот кој што со нетрпение го очекувавме, конечно пристигна. Македонија повторно го имаше највеличественият Бадник во регионот. На овој ден, во периодот од 10 до 12 часот во вкупно 62 градови и населени места во нашата земја, илјадници деца чекореа во бадниковите поворки на радоста и пеејќи ја ангелската песна „Вечниот Бог" го најавуваа Христовото Раѓање.

Најголемата бадникова манифестација во Скопје започна точно во 11 часот со мал празничен концерт на Градскиот плоштад ,,Македонија" каде што сите деца со нивните семејства беа пречекани со настапите на Антониа Гиговска, Ламбе Алабаковски, Златно славејче, Вера Милошевска, Димитар Андоновски, Стефан (Некст тајм) и Пере (Нокаут). Водители на настанот беа мега-популарните детски ѕвезди: Марија Јанчевска и Јован Дукмеџиев. За прв пат целата бадникова манифестација беше инклузивна и толкувана на знаковен јазик, за радоста да ја почувствува секој.











После краткиот концерт, беше оформена најголемата бадникова поворка што преку Камениот мост се упати кон Соборниот храм каде што сите коледарчиња беа дочекани и дарувани од Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан.






Badnjikova
dobrota





Свечени бадникови поворки со стотици деца беа организирани и во: Охрид, Струга, Кичево, Прилеп, Крушево, Штип, Струмица, Велес, Кавадарци, Неготино, Гевгелија, Битола, Ресен, Тетово, Гостивар, Дебар, Куманово, Крива Паланка, Македонски Брод, Виница, Кочани, Св.Николе, Радовиш, Делчево, Пробиштип, Македонска Каменица, Валандово, Берово, Демир Капија, Велгошти, Дебарца, Враништа, Ростуше, Јанковец, Могила, Драслајца, Брвеница, Вратница, Банско, Ново Село, Зубово, Сушица, Ново Коњарево, Удово, Јосифово, Пирава, Грчиште, Марвинци, Балинци, Брајковци, Гази Баба, Кисела Вода, Аеродром, Центар, Ѓорче Петров, Чаир, Бутел, Илинден, Петровец, Чучер Сандево, Бардовци...

Во сите поголеми градови во Македонија, исто како и во Скопје, поворката беше крунисана со празнични концерти на пригодни божикни песни во кои учествуваа локалните ѕвезди и хорчиња.



Бадникови поворки во Банско



Бадникови поворки во Брвеница



Бадникови поворки во Куманово



Бадникови поворки во Крива Паланка



Бадникови поворки во Струга



Бадникови поворки во Ресен



Бадникови поворки во Тетово





Бадникови поворки во Струмица



Бадникови поворки во Прилеп



Бадникови поворки во Виница



Бадникови поворки во Велес



Бадникови поворки во Крушево



Бадникови поворки во Штип



Бадникови поворки во Ново село



Бадникови поворки во Чучер Сандево

На наше огромно задоволство, оваа година за прв пат во организирањето бадникови поворки ни се приклучија и нашите ближни кои живеат во дијаспората. Бадникови поворки се случија во храмот „Св.Параскева Петка“ – Чикаго, САД, како и во градот Горицијa, Италија.





Бадникови поворки во Чикаго, САД



Бадникови поворки во Горицијa, Италија

По завршувањето на најголемата Бадникова манифестација досега, во која што, бадникови поворки на радоста организираа над 62 градови и населени места во нашата земја, слободно можеме да кажеме дека Македонија никогаш не изгледала поубаво за Бадник.

Топлиот и сончев, од Бога подарен Бадник, предизвика околу 25 илјади учесници, од најмало да најстаро, да чекорат во поворките на радоста, со што се надминаа сите очекувања на организаторите.

Сите заедно да му благодариме на Бога што после двегодишна пандемија, конечно можевме да го прославиме Божик заедно и во полн сјај.



Фотографиите од Бадниковите поворки од Скопје и од останатите градови се преземени од Fan страната на Бадникови поворки на Facebook.

- 09.01.2023 година. Последната активност на Бадниковите поворки во месец јануари беше големиот Божикен концерт на традиционални празнични песни кој се одржа во Големата сала на Македонската Филхрамонија во 20 часот. Концертот претставуваше круна на тридневното торжество на Христовото Раѓање и ги заокружи годинешните активности на огромниот број пожртвувани членови и волонтери на здружението „Бадникови поворки“. За концертот беше организиран директен пренос на МРТВ.

Умешно сплетената свечена празнична симфонија од звуци беше предводена од нашиот етаблиран музичар, композитор и основач на „Љубојна“ - Оливер

Јосифовски, единствената Вера Милошевска - вокал, светскиот виртуоз на кларинет - Исмаил Лумановски, група ,,Чалгии Мерак" и останатите врвни музичари: Филип Михајловски - канон, Тони Арслан - виолина, Христијан Јаневски - тамбура, Роберт Ангеловски - кавали, Петар Христов - лира, Оливер Настовски - ут, Мите Наумовски - џумбуш, Анастасиос Иоану - кларинет, Демир Шакиров, Христијан Николовски и Шериф Мустафа - перкусии, како и вокалистите: Антониа Гиговска, Ламбе Алабаковски, Димитар Андоновски, Стефан Филиповски (Некст Тајм) и Никола Перевски - Пере (Нокаут), Хорот „Козма Пречистански“ и пејачи од насоката за традиционална музика и игра при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“. Водител на концертот беше Љубица Јаневска – Ивановска.











На свеченият концерт присутни беа дел од црковните великодостојници, меѓу кои и нашиот Блаженејши Архиепископ Охридски и Македонски г. г. Стефан, Митрополитот Тетовско-гостиварски г. Јосиф, Епископот Стобиски г. Јаков, нашиот Старец, Епископот Антаниски г. Партениј, како и голем број политичари, професори, општествени дејци, монаси, музичари и пријатели соработници на Бадниковите поворки.



Дел од членовите на Здружението имаа чест да се обратат на концертот и со голема љубов и почит го повикаа Архиепископот г. г. Стефан на сцената, за во знак на благодарност поради неговиот штедар благослов кон нашите активности, да му подарат архијерејски енколпион, посветувајќи му ја оваа необично убава свеченост во чест на неговиот именден.







Фотографиите од концертот се преземени од официјалната веб страна на Бигорскиот манастир.

Во овој дел изразуваме огромна благодарност до сите музички ѕвезди и до сите учесници, волонтери и помагатели кои што учествуваа на Бадниковите поворки и до сите останати добродетели кои со својот придонес помогнаа нашата Бадникова радост да стане реалност.

4. Финансиски извештај

Ве известуваме дека согласно член 18 од Законот за сметководство на непрофитните организации („Сл.весник на РМ“ бр.24/03, 17/11, 154/15 и „Сл.весник на РСМ“ бр.122/21) вкупната вредност на имотот или годишниот приход за 2022 година не надминуваат износ од 2.500,00 евра во денарска противвредност, при што не сме обврзани да составуваме и доставуваме финансиски извештаи за 2022 година.

5. Годишниот извештај за работењето на Здружението Бадникови поворки е изработен и усвоен во месец април 2023 година.

Со почит,

Здружение „Бадникови поворки“ - Скопје